**20221712373**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за гранична контола,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јули 2022 година.

Бр. 08-3374/1
27 јули 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАНИЧНА КОНТРОЛА

Член 1

Во Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ број 171/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18), во член 68 во воведната реченица зборовите: „510 до 800 евра“ се заменуваат со зборовите: „30 до 250 евра“.

Член 2

Во член 69 во воведната реченица зборовите: „85 до 490 евра“ се заменуваат со зборовите: „25 до 150 евра“.

Член 3

Во член 70 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правното лице:“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „50 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 4

Во член 71 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микротрговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое:“.

Во ставот 2 зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „200 до 500 евра во денарска противвредност“.

Во ставот 3 зборовите: „650 до 750 евра“ се заменуваат со зборовите: „25 до 150 евра“.

Член 5

Членот 72-а се брише.

Член 6

Членот 72-б се менува и гласи:

„Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од членот 72 став 1 од овој закон, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 7

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.